Бр. [illegible]2212/1314
10.03.2022 год
СКОПЈЕ

О ...се: К...

...naltrent.org...

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,

10.03.2022 година, Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: | 22 03 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орган. един. | Број: | Прилог | Вредност |
| Уп11 03 | 66 | | |

**До:**
**Национална комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија**

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер.**

Почитувани,

На ден 23.02.2022 година на веб-страницата на Министерството за култура беше објавена информација со наслов: *„Се одржа конститутивна седница на Националната комисија за УНЕСКО на РСМ со новиот состав“.* Во истата се наведува дека на првата седница на новиот состав на Националната комисија бил разгледан и усвоен Деловник за работа.

Врз основа на член 4 од Архуската Конвенција (Сл. Весник на Р.М. бр. 40/99), член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 101/19) и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10, 24/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Ве молиме да ни доставите:

- **Копија од Деловникот за работа на Националната комисија за УНЕСКО на РСМ усвоен на конститутивната седница на новиот состав на Комисијата, одржана на 23.02.2022 година.**

Ве молиме бараната информација да ни ја доставите во електронска форма на следната адреса: ...

Со почит,

СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-66
29.03 2022 год.

Скопје

Архивски знак:___
Рок на чување:___ год.
___20___ год.
Потпис,

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна [redacted] УП1 бр. 03-66 од 22.03.2022 година, заменикот министер за култура го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на [redacted], заведено под број УП1 бр. 03-66 од 22.03.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура СЕ ПРИФАЌА.

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

-Копија од Деловникот за работа на Националната комисија за УНЕСКО на РСМ усвоен на конститутивната седница на новиот состав на Комисијата одржана на 23.02.2022 година;

Барателот на информацијата побара информацијата да му биде доставена во електронска форма.

Министерството за култура на електронската адреса [redacted] во прилог на ова Решение доставува:

-„Деловник за работа на Националната комисија за УНЕСКО на РСМ донесен на седницата одржана на 23.02.2022 година".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под број УП1 бр. 03-66 од 22.03.2022 година, со кое ја побара следната информација да му биде доставена во електронска форма:

-Копија од Деловникот за работа на Националната комисија за УНЕСКО на РСМ усвоен на конститутивната седница на новиот состав на Комисијата одржана на 23.02.2022 година;

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и на Барателот на информацијата му ја даде бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-66.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Daim Luçi

Подготвил: Ана Кардула, службено лице